РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 16-2392/6
12.06 20 26 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Врз основа на член 28 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 294/21 и 101/25) и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 122/2020), Министерот за јавна администрација, ја донесе следната

## ПРОЦЕДУРА ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

### Член 1

Со оваа процедура се пропишува начинот на уништување на документите, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Министерството за јавна администрација.

### Член 2

Документите што содржат лични податоци, по истекот на определениот рок за нивно чување се уништуваат од страна на комисија определена од Министерот за јавна администрација.

Документите од став 1 на овој член се уништуваат со уред за ситнење (шредер), за што комисијата составува записник којшто го доставува до Министерот за јавна администрација. Во записникот задолжително се наведуваат категориите на лични податоци коишто ги содржат документите што се уништуваат.

### Член 3

По пренесувањето на личните податоци од медиумот, или по истекот на определениот рок за чување, медиумот се уништува, се брише или пак се чисти од личните податоци коишто се наснимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените податоци.

За случаите од ставовите 1 и 2 на овој член се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци коишто се снимени на него.

**Член 4**

Оваа Процедура влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

Министер за јавна администрација
Горан Минчев